ЕВРОТИНК ЦЕНТАР ЗА ЕВРОПСКИ СТРАТЕГИИ / CENTER FOR EUROPEAN STRATEGIES EUROTHINK eurothink.mk

НВО ИНФОЦЕНТАР

ТРАНСПАРЕНТНОСТ МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ(АВМУ)

## ОКТОМВРИ – ДЕКЕМВРИ 2018

### Транспарентност и отчетност

Континуитет во отчетното и транспарентно работење.

АВМУ, во 2019-та, планира да оствари за 15% поголеми приходи во споредба со 2018 година.

Во 2019-та ќе бидат потрошени 92% од приходите.

АВМУ, во 2019-та, планира да обезбеди поголема транспарентност на сопственичката структура на радиодифузерите.

Објавени се сите известувања за склучени договори за јавни набавки во 2018 година (по наша препорака).



### Перформанси и извршување

Работењето е засновано на стандарди на системи за управување со квалитет.

Солидно ниво на човечки и финансиски капацитети.

АВМУ, во 2019-та, ќе спроведе три внатрешни ревизии фокусирани на јавните набавки и управувањето со ризици.

### Заклучоци и препораки

АВМУ треба постојано и про-активно да ја следи сопственичката структура на медиумите, да спречува медиумска концентрација, да го поттикнува медиумскиот плурализам и на јавноста да ѝ обезбедува сеопфатни, релевантни и лесно достапни информации кои се однесуваат на овој исклучително важен сегмент од медиумската сфера.

### Заклучоци и препораки

Плановите за развој и мотивација на човечките капацитети, да бидат подетално разработени и вградени во годишните планови за работа.

Funded by UK Government

British Embassy Skopje

Овој инфографик е подготвен во рамки на проектот „Мониторинг на ефикасноста, ефективноста, транспарентноста и одговорноста на регулаторните тела за медиумите – PROformance Watch II“ финансиран од Владата на Обединето Кралство, со поддршка на Британската амбасада Скопје.  Мислењата и ставовите наведени во оваа содржина не ги одразуваат секогаш мислењата и ставовите на Британската Влада.

## Ефикасност и независност

Усвојувањето на законските измените ги „одмрзна“ реформите во медиумската сфера.

Со повеќемесечно задоцнување, АВМУ ја стави на јавна расправа, работната верзија на петгодишната регулаторна стратегија за развој на аудио и аудиовизуелната дејност.

АВМУ се соочува со проблеми во спроведувањето и побара да се направат нови законски измени.

Агенцијата, за првпат, предупреди на можен клиентелизам на еден медиум спрема власта.

## Заклучоци и препораки

Агенцијата, во минатото, не реагираше и не укажуваше на случаите на спрега власта и медиумите, како и на притисоците на власта врз слободата, независноста и интегритетот на медиумите и новинарите.

АВМУ треба да функционира како независно регулаторно тело, кое постојано и неселективно ќе ги следи состојбите во медиумската сфера, ќе укажува на девијациите и ќе предлага соодветни политики и механизми за поттикнување и заштита на независноста на медиумите од политички влијанија.

АВМУ како регулаторно тело може да го поттикне процесот на креирање стратегија за целокупната медиумска сфера, во кој треба да се вклучат сите засегнати страни и кој треба да биде реализиран и координиран од надлежното министерство.



## Јавен интерес

АВМУ, во 2019-та, ќе подготви два документи за политики, поврзани со медиумската писменост и обезбедувањето достапност до медиумите на лицата со сетилна попреченост.

АВМУ планира да биде активна и на полето на слободата на изразување и слободата на медиумите.

Соработка и заедничко дејствување со граѓанските организации и медиумите, на полето на медиумската писменост и социјалната инклузија.

## Заклучоци и препораки

Подготвеноста на АВМУ да игра активна улога на креатор на политики и активности во сферата на социјалната инклузија во медиумските содржини и медиумската писменост, како и поттикнувач, радиодифузерите своите програми да ги направат подостапни за лицата со попреченост, е исклучително важно и потребно.

PROformance WATCH II